62 -ра

# С Е Д Н И Ц А

## НА

## С О В Е Т О Т

18.07.2025 година

ОПШТИНА ДОЈРАН
[illegible]
Кеј 5-ти Ноември б.р. 1, Стар Дојран, 1487
tel/fax: +389 34 [illegible]
e-mail: [illegible]
Стар Дојран

Бр.08 – 1064 1 10.07.2025 година

Врз основа на член 39 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 59 од Деловникот на Советот на општина Дојран-пречистен текст ("Службен гласник на општина Дојран", бр.5/23) донесувам,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За свикување на 62 -рата седницана Советот на општина Дојран

Ја свикувам **62**– рата Седница на Советот на општина Дојран

Седницата ќе се одржи на ден **18.07.2025** година, (Петок) со почеток во **10,00** часот, во просториите на седиштето на општина Дојран.

За седницата го предлагам следниот,

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

**1**.Квартален Извештај за извршување на Буџетот на општина Дојран за 2025 година за период, Јануари-Јуни 2025 година- втор квартал;

**2**.Годишен извештај за работата на ООУ„КОЧО РАЦИН" –НОВ ДОЈРАН за учебната 2024/2025 година;

**3**.Годишна Програма за работа на О.О.У. „Кочо Рацин " – Нов Дојран за учебната 2025/26 година;

**4**.Предлог-Одлука за утврдување на висина на износ на бесплатен превоз за учениците во О.О.У. „Кочо Рацин„ Нов Дојран;

**5**.Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во О.О.У. „Кочо Рацин„ Нов Дојран;

**6**.Предлог-Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Дојран за 2026 година;

**7**.Предлог-Одлука за утврдување на и услови за добивање на места за поставување на изборни плакати;

**8**.Педлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за отстапување на времено користење на движни ствари на ЈКПД "Комуналец-Полин" Стар Дојран("Службен гласник на општина Дојран " бр.5/20);

**9**.Извештај за проценетата штета, предизвикана од ниски температури во деновите 21 и 22март и врнежи од град на 7 мај 2024 година;

10.Предлог-Одлука за утврдување надоместок за работа на Комисијата за процена наштета од елементарни непогоди;

11.Советнички прашања.

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Аџиев

Врз основа на член 16 став 1 точка 44 од Статутот на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран„), бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), и член 84 од Деловникот за работа, Советот на општина Дојран по расправата по Информација за состојбата со опожареното подрачје во Општина Дојран, кое беше зафатено од природната непогода појава на пожар во деновите 7, 8, 9, 10, 11,12,13 и 14 јули 2025 година, на седницата одржана на ден **18.07.2025** година го донесе следниот,

# З А К Л У Ч О К

по Информација за состојбата со опожареното подрачје во Општина Дојран, кое беше зафатено од природната непогода, појава на пожар во деновите од 7 до 14 јули 2025 година

1.СЕ ПРИФАЌА Информација за состојбата со опожареното подрачје во Општина Дојран, кое беше зафатено од природната непогода појава на пожар во деновите 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 јули 2025 година.

**2.**Советот констатира дека е опожарено поголемо подрачје од територијата на општина Дојран во кој од пожарот е зафатено нискостеблеста шума, неколку видови насади, помошни и други објекти, складирана сточна храна и друг вид на подвижни ствари кои се наоѓале на опожареното подрачје.

**3.**Советот констатира да се распише Јавен повик за доставување на барање за процена на штета од физичките и правните лица кои претрпеле оштетувања на своите имоти како последица од појавата на пожар во критичните денови наведени во точка1 од овој заклучок.

**4.**Се овластува Градоначалникот на Општина Дојран да формира помошна стручна комисија која со Комисија за процена на штети од природни непогоди на територијата на општина Дојран ќе изврши процена на штетата настаната како последица од појавата на пожар во деновите 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 јули 2025 година.

**5.**Комисија за процена на штети од природни непогоди на територијата на општина Дојран, да изготви извештај и да го достави до Советот на Општина Дојран во законски утврдениот рок.

**6.**Овој заклучок да се објави во „Службен гласник на општина Дојран„.

Број 08- 1064/3
18.07.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Ратко Ајцев

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден **18.07.2025** година, по заклучување на расправата по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Дојран за 2025 година за период, Јануари-Јуни 2025 година - втор квартал, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

По Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Дојран за 2025 година за период, Јануари-Јуни 2025 година

**1.СЕ УСВОЈУВА** Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Дојран за 2025 година за период, Јануари-Јуни 2025 година.

**2.**Овој заклучок влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на општина Дојран".

Број 08- 1064/4
18.07.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Ратко Аџцев

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на Р.М.", бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) Советот на општина Дојран на одржаната седница на ден **18.07.2025** година, расправајќи по Годишниот Извештај за работата на О.О.У. „Кочо Рацин„- Нов Дојран за учебната 2024/2025 година, ја донесе следната,

**О Д Л У К А**

За усвојување на Годишниот Извештај за работата на О.О.У „Кочо Рацин„- Нов Дојран за учебната 2024/2025 година

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Годишниот Извештај за работата на О.О.У. „Кочо Рацин„- Нов Дојран за учебната 2024/2025 година, Бр.01-173/1од 09.07.2025 година.

**Член 2**

Ова Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Дојран".

Бр. 08- 1064/5
18.07.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Ратко Аџиев

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на Р.М."бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 49 став 8 од Законот за основното образование („Службен весник на Р.С.М." бр.161/19, 76/2020; 229/2020; 3/2025; 74/2025), Советот на Општина Дојран на седница одржана на ден **18.07.2025** година година, по расправата по Годишната Програма за работа на О.О.У. "Кочо Рацин" за учебната 2025/2026 година, ја донесе следната,

**О Д Л У К А**

За давање согласност на Годишната Програма за работа на О. О. У. "Кочо Рацин" Нов Дојран за учебната 2025/2026 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишната Програма за работа на О. О. У. "Кочо Рацин" Нов Дојран за учебната 2025/2026 година, Бр.01–174/1 од 09-07.2025 година.

**Член 2**

Ова Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Дојран".

Бр. 08- 1064/6
18.07.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Ратко Ајцев

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на Р.М."бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) а во врска со член 73 став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Р.С.М." бр.161/19, 76/2020; 229/2020, 3/2025; 74/2025), Советот на Општина Дојран по расправата по Барањето од О.О.У. „Кочо Рацин" Нов Дојран, заведено под бр.08-974/1 од 25.06.2025 година, на седницата одржана на ден **18.07.2025** година, ја донесе следната.

**О Д Л У К А**

за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од О.О.У. „Кочо Рацин" Нов Дојран на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Дојран се определува висината на износот на бесплатниот превоз за учениците, учениците со попреченост и лицата за нивна придружба од О.О.У. „Кочо Рацин" Нов Дојран за релации за кои нема обезбедено линиски превоз, за учебната 2025/2026 година.

**Член 2**

Советот на Општина Дојран ја утврдува висината на износот на бесплатниот превоз за лицата од член 1 на оваа Одлука, за релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година на следниот начин:

| Р. Бр. | За релација во еден правец | По ученик | денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Нов Дојран – Стар Дојран | 1 | 48 денари |
| 2 | Нов Дојран-Николич | 1 | 80 денари |
| 3 | Нов Дојран-Фурка | 1 | 82 денари |
| 4 | Нов Дојран-Црничани | 1 | 55 денари |
| 5 | Нов Дојран- Ѓопчели | 1 | 55 денари |

Член 3

Конечната цена на услугите ќе биде утврдена од страна на училиштата во зависност од најповолната прифатена понуда согласно спроведените постапки согласно Законот за јавните набавки.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Дојран".

Број 08- 1064/7
18.07.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Ратко Аџиев

Врз основа на член 53 став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Р.С.М." бр.161/19, 76/2020; 229/2020; 3/2025; 74/2025), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден **18.07.2025** година, по Барањето од О.О.У. „Кочо Рацин" Нов Дојран за формирање на паралелки со помал број ученици во учебната 2025/26 година, ја донесе следната,

**ОДЛУКА**

За давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во О.О.У. „Кочо Рацин" Нов Дојран, во учебната 2025/26 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за формирање на две паралелки со помал број ученици во О.О.У. „Кочо Рацин" Нов Дојран и тоа:

-Две паралелки во шесто Одделение со по 14 ученика,

-Паралелка во прво одделение со 5 ученика во П.У. Николич,

-Паралелка во прво одделение со 2 ученика во Нов Дојран.

Програмата во деветто одделение да се одвива во една паралелка со 21 ученик.

**Член 2**

Бројот на учениците во паралелката може да биде од 20-30 ученика, но по добиена согласност од основачот паралелка може да се формира и со помалку од 20 ученика, согласно член 53 став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Р.С.М." бр.161/19, 76/2020, 229/2020, 3/2025 и 74/2025).

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Дојран", а ќе се применува по добиеното мислење од Министерството за образование и наука.

Број 08- 1064/8
18.07.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Раџо Аџев

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 16 став 1 точка 44 од Статутот на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран"), бр.9/06, 8/10 и 12/14 и член 3 став 2 Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" број 78/15, 106/15,153/15, 190/16 и 21/18). Советот на Општина Дојран на седницата одржана ден **18.07.2025** година, донесе,

**ОДЛУКА**

за измена и дополнување на Одлуката за отстапување на времено користење на движни ствари на ЈКПД "Комуналец-Полин" Стар Дојран, Бр.08-347/15 од 30.04.2020 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за отстапување на времено користење на движни ствари на ЈКПД "Комуналец-Полин" Стар Дојран „Службен гласник на Општина Дојран", бр.5/20.

**Член 2**

Се врши измена во уводниот дел на Одлуката со што одлуката ќе гласи,

"Одлука за отстапување на користење движни ствари на ЈКПД "Комуналец-Полин" Стар Дојран на неопределено време".

**Член 3**

Членот 3 од одлуката се менува и гласи: „Движните ствари од член 2 на оваа одлука се отстапуваат без надомест на користење на неопределено време".

Во истиот член 3 по ставот еден, се додава нов став 2, кој гласи:"Советот на Општина Дојран, може да ја отповика оваа одлука доколку се утврди дека опремата се користи спротивно на намената и на нерегуларен начин во рок од 30 дена пред истекот на договорот за закуп, склучен согласно членот 4 од основната одлука.

**Член 4**

Останатите одредби од одлуката не се менуваат.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Дојран„.

Број 08- 1064/9
18.07.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Рајко Ајцев

Врз основа на член 36 и член 22 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.", бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24), во врска со член 5 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Р.М.", бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и 168/17) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.152/19), и член 16 став 1 точка 44 од Статутот на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран„), бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), на седницата одржана на ден **18.07.2025** година, ја донесе следната,

# ОДЛУКА

За формирање на Територијална Противпожарна единица

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Територијална Противпожарна единица, заради гасење на пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди, на подрачјето на општина Дојран.

**Член 2**

Територијална Противпожарна единица, согласно Законот за пожарникарството („Службен весник на Р.М.", бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и 168/17) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.152/19), ќе брои 9(девет) професионални пожарни.

**Член 3**

Оваа одлука ке ја изврши Градоначалникот на општина Дојран, а истата да се достави до Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Дирекцијата за заштита и спасување.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Дојран„.

Број 08- 1064/10
18.07.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Ратко Ајцев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р. М.''), бр.5/02 и („Службен весник на Р.С. М."), бр.202/24) и член 16 став 1 точка 45 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р. М."), бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и („Службен весник на Р.С.М."), бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден **18.07.2025** година донесе:

**О Д Л У К А**

за прифаќање на донација противпожарно возило со комплет опрема во возилото

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Дојран ја прифаќа донацијата дадена во добра и услуги, противпожарно возило со комплет опрема во возилото и услуги за одржување на обука од Доброволната Противпожарна бригада, операција „ФЛОРИАН„ од Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска .

**Член 2**

Донацијата која се дава на Општина Дојран се состои во: Специјално противпожарно возило, со комплет опрема во него и услуги за одржување на обука од страна на донаторот на пожарникарите на Доброволното Противпожарно Друштво„Дојран„ од Нов Дојран, општина Дојран.

**Член 3**

Донацијата на недвижностите наведени во членот 2 на оваа одлука е со намена на гасење на пожари, спасување на материјални добра во случај на појава на пожар и заштита на животната средина и природата.

**Член 4**

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Дојран, како примател на донацијата и давателот Противпожарна бригада „ФЛОРИАН„ од Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска .

**Член 5**

За реализацијата на оваа донација во Буџетот на Општина Дојран ке бидат обезбедени 14.000,00 евра во денарска противвредност, који ќе бидат наменети како материјални трошкови за превоз и потрошено гориво како и други трошкови при доствување на возилото од донаторот до седиштето на општина Дојран.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Дојран".

Бр.08- 1064/11
18.07.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Ратко Аџцев

Врз основа на член 16 став 1 точка 44 од Статутот на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран„), бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на Општина Дојран по расправата по барањето на Ф.К. Дојранско езеро за доделување парични средства од Буџетот на општина Дојран, на седницата одржана на ден **18.07.2025** година, ја донесе следната,

# ОДЛУКА

по барањето на Ф.К. „Дојранско езеро„ Нов Дојран

**Член 1**

Со оваа Одлука не се одобрува доделување на парични средства од Буџетот на општина Дојран за 2025 година на Ф.К. „Дојранско езеро„ Нов Дојран.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Дојран„.

Број 08- 1064/12
18.07.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Ратко Аџев

Врз основа на член 16 став 1 точка 44 од Статутот на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран„), бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), а во врска со член 11став 1 алинеја втора од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22), согласно Програмата за финансирање на активностите на општина Дојран за областа на социјалната заштита во 2025 година, Советот на Општина Дојран по расправата по барањето на Ванчо Стојанов од Фурка, на седницата одржана на ден **18.07.2025** година, ја донесе следната.

**О Д Л У К А**

За доделување парични средства од Буџетот на општина Дојран на Ванчо Стојанов од Фурка

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува доделување на парични средства од Буџетот на општина Дојран за 2025 година во износ од **120.000** денари на Ванчо Стојанов од Фурка, Општина Дојран.

**Член 2**

Намената на средствата наведени од членот 1 на оваа одлука се еднократна парична помош на барателот за покривање на дел од трошковите за лекување.

Средствата да бидат исплатени на трансакциска сметка 300007014653782 Комерцијална банка А.Д. Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука ќе ја изврши Градоначалникот на општина Дојран.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Дојран„.

Број 08- 1064/13
18.07.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Ратко Аџев

Врз основа на член 16 став 1 точка 44 од Статутот на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран,,), бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), а во врска со член 11став 1 алинеја втора од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22), согласно Програмата за финансирање на активностите на општина Дојран за областа на социјалната заштита во 2025 година, Советот на Општина Дојран по расправата по барањето на Ристо Тунев од Нов Дојран, на седницата одржана на ден **18.07.2025** година, ја донесе следната,

# ОДЛУКА

За доделување парични средства од Буџетот на општина Дојран на Ристо Тунев од Нов Дојран

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува доделување на парични средства од Буџетот на општина Дојран за 2025 година во износ од **30.000** денари на Ристо Тунев од Нов Дојран, Општина Дојран.

**Член 2**

Намената на средствата наведени од членот 1 на оваа одлука се еднократна парична помош на барателот за покривање на дел од трошковите за лекување, како последица од каснување на куче скитник.

**Член 3**

Оваа одлука ќе ја изврши Градоначалникот на општина Дојран.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Дојран,,.

Број 08- 1064/14
18.07.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Ратко Аџиев

09 - 1215/1
25. 07. 5

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување на Заклучокот по Информација за состојбата со опожареното подрачје во Општина Дојран, кое беше зафатено од природната непогода, појава на пожар во деновите од 7 до 14 јули 2025 година

**1.**Заклучокот по Информација за состојбата со опожареното подрачје во Општина Дојран, кое беше зафатено од природната непогода, појава на пожар во деновите од 7до 14 јули 2025 година, донесен на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 18.07.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов

ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
09 - 1215/2
25.07. 2025
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување на Заклучокот По Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Дојран за 2025 година за период, Јануари-Јуни 2025 година

**1.**Заклучокот по По Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Дојран за 2025 година за период, Јануари-Јуни 2025 година, донесен на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 18.07.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Ангo Ангов

ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
09-1215/3
25.09 5

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување на Одлуката
За усвојување на Годишниот Извештај за работата на О.О.У „Кочо Рацин„- Нов Дојран
за учебната 2024/2025 година

**1.**Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за работата на О.О.У „Кочо Рацин„- Нов Дојран за учебната 2024/2025 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 18.07.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

**2**. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов

ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
09-1265/1
23.07.2025 год.
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување на Одлуката
за давање согласност на Годишната Програма за работа на О. О. У. "Кочо Рацин" Нов Дојран
за учебната 2025/2026 година

1.Одлуката за давање согласност на Годишната Програма за работа на О. О. У. "Кочо Рацин" Нов Дојран за учебната 2025/2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 18.07.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

**2**. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов

ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09 - 1215/1
25.07.2025 год.
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување на Одлуката

за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од О.О.У. „Кочо Рацин" Нов Дојран на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година

**1.** Одлуката за определување на висината на износот на бесплатниот превоз на ученици од О.О.У. „Кочо Рацин" Нов Дојран на релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025/2026 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 18.07.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Анђо Ангов

ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
09-2131
25.07.2025
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување на Одлуката

За давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во О.О.У. „Кочо Рацин" Нов Дојран, во учебната 2025/26 година

1.Одлуката за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во О.О.У. „Кочо Рацин" Нов Дојран, во учебната 2025/26 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 18.07.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов

ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-1215/3
25.07.2025
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување на Одлуката

за измена и дополнување на Одлуката за отстапување на времено користење на движни ствари на ЈКПД "Комуналец-Полин" Стар Дојран, Бр.08-347/15 од 30.04.2020 година

**1.**Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за отстапување на времено користење на движни ствари на ЈКПД "Комуналец-Полин" Стар Дојран, Бр.08-347/15 од 30.04.2020 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 18.07.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

**2**. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Анге Ангов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување на Одлуката

За формирање на Територијална Противпожарна единица

1.Одлуката За формирање на Територијална Противпожарна единица , донесена на седницата на Советот на општина Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 18.07.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник

на општина Дојран

Анго Ангов

ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
09-1215/9
25 07 2025
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување на Одлуката
за прифаќање на донација противпожарно возило со комплет опрема во возилото

1.Одлуката за прифаќање на донација противпожарно возило со комплет опрема во возилото, одржана на ден 18.07.2025 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 18.07.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов

ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-1015/10
25.07.2025
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
За објавување на Одлуката
по барањето на Ф.К. „Дојранско езеро„ Нов Дојран

1.Одлуката по барањето на Ф.К. „Дојранско езеро„ Нов Дојран, одржана на ден 18.07.2025 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 18.07.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Анго Ангов

ГРАДОНАЧАЛНИК
08-1215/1
21.7.2025

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24) и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување на Одлуката

За доделување парични средства од Буџетот на општина Дојран на Ванчо Стојанов од Фурка

1.Одлуката за доделување парични средства од Буџетот на општина Дојран на Ванчо Стојанов од Фурка, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 18.07.2025 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на општина Дојран
Анѓо Ангов